20242594546

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 55 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ ВО УЧИЛНИЦА И ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБУКИ, КАКО И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО И ВРЕДНОСТА НА ОБУКИТЕ ЗА КОИ НЕ МОРА ДА СЕ СКЛУЧИ ПИСМЕН ДОГОВОР СО АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирање и спроведување на обуките во училница и преку електронскиот систем за управување со обуки, како и времетраењето и вредноста на обуките за кои не мора да се склучи писмен договор со административен службеник.

Член 2

За секоја обука се изготвува наставна програма, која ги опфаќа следните елементи:
- назив на обуката;
- цели на обуката;
- теми на обуката;
- содржина на обуката;
- целна група на обуката;
- времетраење на обуката;
- начин на испорака на обуката;
- методолошки пристап на обучувачот;
- користени материјали на обуката;
- краток тест за евалуација на стекнатото знаење на посетителите на обуката и
- прашалник за евалуација на успешноста на обучувачите.

Член 3

Организирањето и спроведувањето на обука во училница опфаќа:
- утврдување на планот за реализација на обуката;
- ангажирање на обучувачи;
- подготвување на материјали за обуката;
- комуникација со административните службеници кои треба да ја посетат обуката;
- техничко - логистичка поддршка;
- ангажирање на лица кои даваат логистичко - технички услуги (доколку има потреба);
- евидентирање на присуство на учесниците;
- евалуирање и објавување информации за реализираната обука;
- подготовка и издавање на потврди за успешно реализирана обука за обучувачите и
- подготовка и издавање на потврди за успешно реализирана обука за посетителите на обуката.

Член 4

(1) Електронски систем за управување со обуки е веб базирана платформа која содржи модули и функционалности што овозможуваат преземање на сите чекори за подготвување и спроведување на обука за административни службеници со користење на електронски средства.

(2) Системот за микроучење е технолошки напреден вид на електронско учење, кој е дел од електронскиот систем за управување со обуки и се користи од административниот службеник од персонален компјутер на работно место или паметен телефон како основна алатка за учење или дополнителна алатка за учење комплементарна на обуката во училница.

Член 5

Електронскиот систем за управување со обуки, односно на системот за микроучење се администрира од страна на лице вработено во или ангажирано од Министерството за јавна администрација и кое има највисоки привилегии за пристап до системот заради негово администрирање и редовно одржување на базата на администратори на институции, вклучително и за креирање и доставување на кориснички имиња и лозинки за корисници, управување со групи на корисници, креирање, доделување и спроведување на обуки и обезбедување на техничка и корисничка поддршка на посетителите на обуката, водење на статистики за користењето на системот.

Член 6

За обука која е обезбедена или финансирана од институцијата во која е вработен административниот службеник не се склучува писмен договор, ако:

- обуката се спроведува преку електронскиот систем за управување со обуки или преку системот за микроучење или
- времетраењето на обуката е пократко од една недела и вредноста на обуката е помала од износот на три нето плати исплатена во претходниот месец на административниот службеникот кој е упатен на обука.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на организирање и спроведување на обуките во училница и преку електронскиот систем за управување со обуки, како и времетраењето и вредноста на обуките за кои не мора да се склучи писмен договор со административен службеник („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/14).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/4
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за
јавна администрација,
Горан Минчев, с.р.